**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403-50/1**

**Скопје, 11.01.2008 година**

**ДО**
**ДИРЕКТОРОТ НА СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**
**„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ „ НЕГОТИНО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметка на основен буџет (603) на Средно општинско училиште „ Св.Кирил и Методиј„ Неготино (СОУ „Св.Кирил и Методиј„ Неготино) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката на основен буџет (603) на СОУ „ Св.Кирил и Методиј„, Неготино за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Лазо Гичовски, Директор на СОУ „ Св.Кирил и Методиј„ Неготино во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 01.10. до 02.10.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Промените кои се евиденитраат во сметководствената евиденција на СОУ „Св. Кирил и Методиј“ се врши по принципот на пресметковно евидентирање. Ваквиот начин на евидентирање на промените е спротивен на принципот на парично искажување на промените предвидени во Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Искажувањето на промените спротивно на споменатиот Закон предизвикува погрешно проценување на билансните позиции, изготвување на нереални финансиски извештаи и неможност да се споредува планираното со потрошеното.
**Препорака:**
Во сметководствената евиденција на промените на финансиските трансакции да се применува принципот на сметководственото начело на парично искажување на промените во сметководството.

10.1.2. Направен е само физички попис на опремата и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, што е спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на работа има влијание на реалното проценување на средствата и нивните извори и обврски на ден 31.12.2006 година.
**Препорака:**
Надлежните органи да донесат интерни акти со кои јасно ќе се утврди начинот, постапките и процедурите за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, како и усогласување на фактичката со сметководствената состојба, согласно активностите пропишани во Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и нивно евидентирање во книговодството со што ќе се добие реална состојба на имотот кој е сопственост на училиштето.

**10.2. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

10.2.1. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на ставка Опрема и Исправка на вредноста кои во Билансот на состојба на 31 декември 2006 година се проценети во поединечен износ од 4,959 илјади денари поради тоа што на

ревизијата не и беа презентирани аналитички картици за опремата од кои ќе може да се потврди кои видови на опрема со колкава набавна вредност и исправка на вредност учествуваат во вредноста на вкупната опрема, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Непостоење на таквата евиденција доведува до немање на можност да се изврши усогласувања на сметководствената со состојбите утврдени со пописот.
**Препорака:**
Согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници службата за сметководство да воведе аналитичка евиденција на опремата.

10.2.2. Состојбата на позициите Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените и Активни временски разграничувања се искажани за помал износ од 1,843 илјади денари поради непресметани и неевидентирани плати, даноци и придонеси од плата за месец декември 2006 година и тоа :

- нето плата во износ од 1,118 илјади денари;
- персонален данок на плата во износ од 118 илјади денари и
- други придонеси и даноци од плата во износ од 606 илјади денари

Причина за ова е недоволно познавање на законските прописи и е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници
**Препорака:**
При пресметката на обврските да се почитува Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точка 10.1. и 10.2., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметка на основен буџет (603) на СОУ „ Св.Кирил и Методиј„, Неготино под 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметка на основен буџет (603) на СОУ „ Св.Кирил и Методиј„, Неготино е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 24.12. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**СОУ„ Св. Кирил и Методиј„, Неготино**

**Сметка на основен буџет - 603**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 24,102 | 23,372 |
| **Вкупно приходи** | | **24,102** | **23,372** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 23,947 | 23,089 |
| Резерви и недефинирани расходи | - | 0 | 24 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 102 | 259 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 53 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **24,102** | **23,372** |
| **Вкупно расходи** | | **24,102** | **23,372** |

**СОУ„ Св. Кирил и Методиј„, Неготино**

**Сметка на основен буџет - 603**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2006 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.1. | 193,073 | 195,357 |
| **Вкупно постојани средства** | | **193,073** | **195,357** |
| **Вкупна актива** | | **193,073** | **195,357** |
| **Пасива** | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.1. | 193,073 | 195,363 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **193,073** | **195,363** |
| **Вкупна пасива** | | **193,073** | **195,363** |

**СОУ„ Св. Кирил и Методиј„, Неготино**

**Сметка на основен буџет - 603**

**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **195,363** | **195,363** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **2,290** | **2,290** |
| Корекција по ревизија | 6 | **6** |
| Амортизација | 2,284 | **2,284** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **193,073** | **193,073** |